# З А П И С Н И К

од деветиот состанок на Комисијата на Агенцијата за електронски комуникации

деветиот состанок на Комисијата на Агенцијата за електронски комуникации, свикан од претседателот на Комисијата се одржа на 16.08.2018 година, со почеток во 11:00 часот во просториите на Агенцијата за електронски комуникации.

На состанокот присуствуваа

1. Гордана Клинчарова, претседател
2. Петар Есмеров, член
3. Славе Веловски, член
4. Горан Велинов, член
5. Дешира Имери, член
6. Сашо Димитријоски, Директор на АЕК
7. Бојана Стефановска- советник на Директорот за правни работи - во својство на записничар,

На состанокот се работеше по предложениот дневниот ред:

1. Усвојување на Записникот од осмиот состанок на Комисијата одржан на 18.07.2018 и усвојување на предлог дневниот ред за деветиот состанок за 2018 година на Комисијата на АЕК;

   Записникот од осмиот состанок на Комисијата беше едногласно усвоен, како и дневниот ред.

2. Барање согласност за јавна набавка на Софистицирана мерна опрема за мерење на параметри за квалитет;

   Беше дадена согласност за овој вид на набавка имајќи ја во предвид предвиденоста во планот за јавни набавки како и потребата на секторот за нова софистицирана опрема.

3. Барање согласност за јавна набавка на Поправка и сервисирање на моторни возила;

   Имајќи во предвид дека моменталниот договор за поправка и сервисирање е пред истекување а како оваа набавка е предвидена во планот за јавни набавки комисијата даде согласност за истата.

4. Барање согласност за јавна набавка на Услуга за печатење;

   Комисијата даде согласнот за овој вид на набавка.

5. Барање согласност за јавна набавка на Тековно и инвестиционо одржување на објектите – градежни и градежно занатски работи и одржување на опрема и електрични апарати;

   Како предходно важечкиот договор е пред завршување се даде согласност за овој вид на набавка за да се одржи континуитет во одржувањето на објектите на Агенцијата.

6. Барање согласност за измена и дополнување на Годишниот план за јавни набавки за 2018 година,

   Од страна на Стручните служби на Агенцијата за електронски комуникации беше доставен, предлог измена и дополнување на Годишниот план за јавни набавки со измена во делот на јавна набавка на Обуки за потребите на Националниот центар за одговор на компјутерски инциденти MKD – CIRT која обука е предвидена во планот за работа на АЕК за 2018 година по што се дозволи измена на истиот.

7. Барање согласност за јавна набавка на Обуки за потребите на Националниот центар за одговор на компјутерски инциденти MKD – CIRT;

   Откако предходно се утврде потребата за измена на годишниот план за јавни набавки се даде согласнот и за овој вид на набавка.

8. Барање согласност за јавна набавка на Втор Интернет пристап и податочно поврзување.

   Се даде согласност за овој вид на набавка.

9. Разно

   По оваа точка беше разгледана поканата за учество на $8^{th}$ Annual FIS Client Meeting, San Francisco, USA, во период од 08-10 октомври 2018 година, за што се донесе одлука дека се упатуваат на службено патување членови на комисијата.

   Состанокот заврши на 16.08.2018 во 14:30 часот.

Гордана Клинчарова, претседател___________

Петар Есмеров, член______________________

Дешира Имери , член____________________

Славе Веловски, член____________________

Горан велинов, член--------------------------------------